**20230380707**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21) и член 6 став (6) и член 61 од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20 и 274/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ВО 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитарната политика во 2023 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година во износ од 21.781.840,00 денари, и тоа од следниве извори:

| | |
|---|---|
| 1. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери, сметка 637. | **5.601.840,00** |
| 2. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери, потставка 464 - Разни трансфери, сметка 631. | **13.180.000,00** |
| 3. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 53 – Државна фитосанитарна лабораторија, 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери, сметка 631. | **3.000.000,00** |

III

Средствата во вкупен износ од 5.601.840,00 денари, утврдени во дел II точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за 2023 година. | 1.493.700,00 |
| 2. Мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на фитофармацевтските производи и резидуи од фитофармацевтските производи во производи од примарно земјоделско производство за 2023 година. | 672.660,00 |
| 3. Спроведување на решенијата за јавните овластувања издадени врз основа на јавен конкурс согласно член 67 ставови (3), (4) и (8) од Законот за здравјето на растенијата. | 3.315.480,00 |
| 4. Активности поврзани со издавање и проширување на системот на пасоши за растенија кај останатите земјоделски и шумски видови на растенија. | 120.000,00 |
| **Вкупно** | **5.601.840,00** |

IV

Средствата во вкупен износ од 13.180.000,00 денари, утврдени во дел II точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата и Законот за фитофармација (*)), одржување и надградба на Фитосанитарниот информативен систем (ФИС), подготвување на насоки, упатства и брошури за одржлива употреба на фитофармацевтски средства, активности за спроведување на мерки за спречување, сузбивање и истребување на штетни организми, воспоставување на мрежата за спроведување на Интегрираната заштита на растенијата, набавка на мамци за следење на популации од релевантните штетни организми, спроведување на активности за работа на стручната комисија од областа на фитофармацијата за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи и за регистрација на економски оператори и производители, набавка на опрема за потребите на Фитосанитарната управа за работа на стручните комисии и стручните совети и неподмирени обврски од 2022 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2022 година. | 13.180.000,00 |
| **Вкупно** | 13.180.000,00 |

V

Средствата во вкупен износ од 3.000.000,00 денари, утврдени во дел II точка 3 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| Набавка на софистицирана лабораториска опрема, како и за набавка на ИТ опрема и софтверски решенија за Лабораторискиот информативен и менаџмент систем (ЛИМС) за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државна фитосанитарна лабораторија. | 3.000.000,00 |
| **Вкупно** | **3.000.000,00** |

VI

Средствата во вкупен износ од 1.493.700,00 денари, утврдени во дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир. | 435.300,00 |
| 2. Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза. | 387.550,00 |
| 3.1 Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, полјоделски култури, украсни и шумски растенија. | 129.450,00 |
| 3.2 Фитосанитарен инспекциски мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал). | 520.300,00 |
| 4. Фитосанитарен мониторинг за тутун. | 21.100,00 |
| **Вкупно** | **1.493.700,00** |

VII

Средствата во вкупен износ од 435.300,00 денари, утврдени во дел VI точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

| **Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| Ralstonia solanacearum | Solanum tuberosum L. (кртоли, цели растенија, почва и вода) растенија за садење од Solanum lycopersicum, Capsicum annuum, Solanum melongena, Pelargonium, плевели од Solanace) | 180 | 850,00 | 153.000,00 |
| Clavibacter sepedonicus | Solanum tuberosum L. (кртоли, цели растенија) | 150 | 850,00 | 127.500,00 |
| Synchytrium endobioticum | Solanum tuberosum L. (кртоли, почва) | 80 | 500,00 | 40.000,00 |
| Globodera pallida & Globodera rostochiensis | Solanum tuberosum L. (цели растенија, кртоли и почва), Solanum lycopersicum и Solanum melongena (растенија и почва) | 120 | 490,00 | 58.800,00 |
| Meloidogyne chitwoodi, Meloidogyne fallax | Solanum tuberosum L. (кртоли, почва) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| Tecia (Scrobipalpopsis) solanivora | Solanum tuberosum L. (кртоли и почва) | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| Epitrix cucumeris, E. papa, E. subcrinita, E. tuberis | Solanum tuberosum L. (кртоли и преглед на мамци) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| Potato spindle tuber viroid | Solanum tuberosum L. (кртоли, цели растенија и почва), растенија за садење од Capsicum annuum и Solanum spp., семе од Capsicum annuum и Solanum lycopersicum | 10 | 2.770,00 | 27.700,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **435.300,00** |

VIII

Средствата во вкупен износ од 387.550,00 денари, утврдени во дел VI точка 2 од оваа програма ќе се ко рис-тат за:

| **Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| Xylella fastidiosa | Vitis, Prunus, Olea europea, Citrus, Rubus | 220 | 850,00 | 187.000,00 |
| Tomato ringspot virus | Prunus spp., Vitis L., Rubus spp., | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| Tobacco ringspot virus | Rubus spp., Vitis L. | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| Grapevine flavescence dorée | Vitis L. | 55 | 2.200,00 | 121.000,00 |
| Acidovorax citrulli | Citrullus lanatus, Cucumis melo | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| Alternaria mali | Malus domestica | 5 | 1.080,00 | 5.400,00 |
| Scaphoideus titanus (vector GFD) | Vitis L. | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| Aromia bungii | Prunus L. | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| Grapholita inopinata | Cydonia Mill., Malus Mill., Prunus L., Pyrus L. | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| Ceratitis capitata | Prunus persica, Citrus reticulata, Citrus sinensis, Mangifera indica | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| Bactrocera dorsalis, B. zonata | плодови од Malus, Prunus, Pyrus, Citrus | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| Halyomorpha halys | Plants and fruits of Malus, Prunus, Pyrus, herbaceous plants | 30 | 370,00 | 11.100,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **387.550,00** |

IX

Средствата во вкупен износ од 129.450,00 денари, утврдени во дел VI точка 3.1 од оваа програма ќе се користат за:

| **Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, полјоделски култури, украсни и шумски растенија** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| Bursaphelenchus xylophilus и неговите вектори - од родот Monochamus | Abies Mill., Cedrus Trew, Larix Mill., Picea A. Dietr., Pinus L., Pseudotsuga Carr. и Tsuga Carr.(растенија и дрво) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| Chrysanthemum stem necrotic tospovirus | Dendranthema (DC.) Des Moul., Solanum lycopersicum L., | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| Xanthomonas arboricola pv. corylina | Corylus avellana | 10 | 850,00 | 8.500,00 |
| Erwinia stewartii (Pantoea stewartii) | Zea mays (растенија за садење и семе) | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| Phytophthora ramorum | Acer spp., Aesculus spp., Calluna vulgaris, Camellia, Castanea, Fagus sylvatica, Fraxinus excelsior , Hamamelis virginiana, Heteromeles arbutifolia, Kalmia latifolia, Laurus nobilis, Lonicera hispidula, Photinia x fraseri, Pieris spp., Pseudotsuga menziesii, Quercus spp., Rhododendron spp. , Sequoia sempervirens, Syringa vulgaris, Vaccinium ovatum, Viburnum spp. (растенија, дрво и почва) | 5 | 2.770,00 | 13.850,00 |
| Anthonomus eugenii | Capsicum L. | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| Liriomyza sativae, Amauromyza maculosa | зелјести растенија | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| Liriomyza huidobrensis, Liriomyza trifolii | зелјести растенија | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| Bemisia tabaci (не европски популации) вектор на Tomato yellow leaf curl virus & QP: Melon yellowing-associated virus, Squash vein yellowing virus, Tomato mild mottle virus, Cowpea mild mottle virus, Lettuce infectious yellows virus) | растенија за садење, други од латентни растенија, растенија од култура на тки во, семиња, луковици, кртоли, изданци и ризоми | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| Tuta absoluta | Solanum lycopersicum L | 30 | 370,00 | 11.100,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Thrips palmi | зељести растенија, плодови од Solanum melongena L., Momordica L., режано цвеќе од Orchidaceae | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| Spodoptera frugiperda | Capsicum L., Solanum melongena L., Zea mays (Momordica L., Solanum aethiopicum L., Solanum macrocarpon L., види D 2018/638/EU ) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| Spodoptera eridania, Spodoptera litura | Dendranthema (DC.) Des Moul., Dianthus L., Pelargonium | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| Spodoptera littoralis | Dendranthema (DC.) Des Moul., Dianthus L., Pelargonium | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| Popillia japonica | Vitis, Malus, Prunus, Rubus, Juglans, Acer, Aesculus, Betula, Castanea, Glycine, Platanus, Populus, Rosa, Salix, Tilia, Ulmus | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| Agrilus anxius | Betula spp. (растенија и дрво) | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| Agrilus planipennis | Fraxinus L., Juglans ailantifolia Carr., Juglans mandshurica Maxim., Ulmus davidiana Planch., Pterocarya rhoifolia (растенија, дрво) | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| Anoplophora chinensis & A. glabripennis | Acer spp., Aesculus hippocastanum, Alnus spp., Betula spp., Carpinus spp., Citrus spp., Cornus spp., Corylus spp., Cotoneaster spp., Crataegus spp., Fagus spp., Lagerstroemia spp., Malus spp., Platanus spp., Populus spp., Prunus laurocerasus, Pyrus spp., Rosa spp., Salix spp. и Ulmus spp. (растенија, дрво) | 10 | 370,00 | 3.700,00 |
| Thaumatotibia leucotreta | Плодови од Capsicum (L.), Prunus persica (L.) Batsch, Punica granatum , Citrus L., освен Citrus limon & Citrus aurantiifolia | 5 | 370,00 | 1.850,00 |
| Diabrotica virgifera virgifera | Zea mays (почва и растенија) | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **129.450,00** |

X

Средствата во вкупен износ од 520.300,00 денари, утврдени во дел VI точка 3.2 од оваа програма ќе се користат за:

| **Фитосанитарен инспекциски мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **штетен организам** | **растенија домаќини** | **број на лабораториски анализи** | **единечна цена (денари)** | **вкупни трошоци (денари)** |
| Pepino mosaic potexvirus | Solanum lycopersicum L. | 20 | 850,00 | 17.000,00 |
| Tomato brown rugose fruit virus | Solanum lycopersicum L. и Capsicum spp. (Растенија за садење) | 10 | 2.700,00 | 27.000,00 |
| Pseudomonas syringae pv. actinidae | Растенија за садење и жив полен од Actinidia | 5 | 850,00 | 4.250,00 |
| Xylophilus ampelinus | Vitis L. (растенија за садење, резници, гранчиња) | 10 | 850,00 | 8.500,00 |
| Erwinia amylovora | Malus Mill., Pyrus L., Cydonia Mill., Amelanchier Med., Chaenomeles Lindl., Cotoneaster Ehrh., Crataegus L., Eriobotrya Lindl., Mespilus L., Photinia davidiana (Dcne.) Cardot, Pyracantha Roem. и Sorbus L. | 15 | 850,00 | 12.750,00 |
| Plum pox potyvirus | Prunus L. | 15 | 850,00 | 12.750,00 |
| Clavibacter michignensis ssp. michiganensis | Solanum lycopersicum L. (семе и расад) | 10 | 850,00 | 8.500,00 |
| Xanthomonas campestris pv.vesicatoria | Solanum lycopersicum L., Capsicum spp., | 30 | 850,00 | 25.500,00 |
| Tomato yellow leaf curl begomovirus (вектор: Bemisia tabaci) | Solanum lycopersicum L. (растенија за садење, освен семе) | 20 | 850,00 | 17.000,00 |
| Xanthomonas campestris pv. phaseoli | Phaseolus L. | 20 | 850,00 | 17.000,00 |
| Fusarium circinatum | Растенија за садење и семе од Pinus L. и Pseudotsuga menziesii | 10 | 2.770,00 | 27.700,00 |
| Xanthomonas arboricola pv. pruni | Prunus L. | 20 | 2.770,00 | 55.400,00 |
| Monilinia fructicola | Prunus L. | 15 | 2.770,00 | 41.550,00 |
| Ca. Phytoplasma pyri (Pear decline) | Pyrus L. | 20 | 2.200,00 | 44.000,00 |
| Ca. Phytoplasma prunorum (Apricot chlorotic leafroll, ESFY) | Prunus L. | 20 | 2.200,00 | 44.000,00 |
| Ca. Phytoplasma mali (Apple proliferation) | Malus Mill. | 30 | 2.200,00 | 66.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Pseudomonas syringae pv. persicae | Prunus persica (L.) Batsch | 30 | 1.080,00 | 32.400,00 |
| Ditylenchus dipsaci | Medicago sativa (семе), Allium, луковици (Camassia Lindl., Chionodoxa Boiss., Crocus flavus Weston, Galanthus L., Hyacinthus) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| Ditylenchus destructor | Solanum tuberosum, луковици | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| Слободно живеачки нематоди (Xiphinema spp., Longidorus spp.) | почва (матични растенија и расадници) | 20 | 490,00 | 9.800,00 |
| Quadraspidiotus perniciosus | Juglans L., Prunus L., Ribes L. | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| Frankliniella occidentalis (вектор на Impatiens necrotic spot tospovirus, Tomato spotted wilt tospovirus ) | Begonia x hiemalis Fotsch, Capsicum annuum L., Chrysanthemum L., Gerbera L., Impatiens L. New Guinea Hybrids, Pelargonium L. | 40 | 370,00 | 14.800,00 |
| Helicoverpa armigera | Dendranthema (DC.) Des Moul., Dianthus L., Pelargonium, Solanaceae | 20 | 370,00 | 7.400,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **520.300,00** |

XI

Средствата во вкупен износ од 21.100,00 денари, утврдени во дел VI точка 4 од оваа програма ќе се користат за:

| Фитосанитарен мониторинг за тутун | | | | |
|---|---|---|---|---|
| штетен организам | растенија домаќини | број на лабораториски анализи | единечна цена (денари) | вкупни трошоци (денари) |
| Peronospora tabacina | Nicotiana tabacum L. | 20 | 500,00 | 10.000,00 |
| Ephestia ellutela | Nicotiana tabacum L. | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| Lasioderme sericome | Nicotiana tabacum L. | 15 | 370,00 | 5.550,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **21.100,00** |

XII

Средствата во вкупен износ од 672.660,00 денари, од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на фитофармацевтските производи, а со цел утврдување на неправилности (испитување на сообразноста на декларираната количина на активна компонента во соодветниот фитофармацевтски производ). | 19.935,00 |
| 2. Мониторинг на употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на фитофармацевтските производи на правилен начин (проверка на присуство на резидуи од фитофармацевтски производи кои се користени за заштита на примарните земјоделски производи од растително потекло). | 652.725,00 |
| **Вкупно** | **672.660,00** |

XIII

Средствата во вкупен износ од 19.935,00 денари, утврдени во дел XII точка 1 од оваа програма за мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на фитофармацевтските производи, а со цел утврдување на неправилности, ќе се користат согласно следниот план:

| ред. бр. | активна супстанца | вкупен број на мостри | вкупни трошоци (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Cymoxanil | 5 | 6.645,00 |
| 2 | Difenoconazole | 5 | 6.645,00 |
| 3 | Pendimethalin | 5 | 6.645,00 |
| **Вкупно** | | **25** | **19.935,00** |

XIV

Средствата во вкупен износ од 652.725,00 денари, утвредени во дел XII точка 2 од оваа програма за мони-то-ринг на употреба на фитофармацевтски производи и резидуи од фитофармацевтски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло, со цел да се утврди употребата на фитофармацевтските производи на правилен начин, ќе се користат согласно следниот план:

| растение или растителен производ | вкупен број на мостри | временски период за реализација на активноста | количина на примерок | единечна цена (денари) | Вкупни трошоци (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Зеленчук** | | | | | |
| **домати** | 20 | март – ноември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **пиперки** | 20 | март – ноември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **краставици** | 15 | март – ноември | најмалку 5 единици (плодови) не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 72.525,00 |
| **зелена салата** | 8 | февруари - ноември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 38.680,00 |
| **зелка** | 5 | февруари – ноември | најмалку 5 единици (плодови) не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 24.175,00 |
| **лубеница/диња** | 2 | јули – септември | најмалку 5 единици (плодови) | 4.835,00 | 9.670,00 |
| **млад кромид** | 3 | јуни – јули | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 14.505,00 |

| Овошје | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **грозје** | 20 | јули- октомври | најмалку 5 единици (гроздови) не помалку од 2 кг | 4.835,00 | 96.700,00 |
| **јаболка** | 19 | септември-октомври | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 91.865,00 |
| **праска** | 10 | јуни-септември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 48.350,00 |
| **цреша/вишна** | 10 | мај – јули | 1кг<br>1kg | 4.835,00 | 48.350,00 |
| **сливи** | 3 | август – септември | најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг | 4.835,00 | 14.505,00 |
| **Вкупно** | **135** | | | | **652.725,00** |

XV

Средствата од дел IV од оваа програма, во износ од 13.180.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата и Законот за фитофармација (*)). | 500.000,00 |
| 2. Одржување и надградба на Фитосанитарниот информативен систем (ФИС). | 3.570.000,00 |
| 3. Подготвување на насоки, упатства и брошури за одржлива употреба на фитофармацевтски средства, активности за спроведување на мерки за спречување, сузбивање и истребување на штетни организми. | 1.000.000,00 |
| 4. Воспоставување на мрежата за спроведување на Интегрираната заштита на растенијата, набавка на мамци за следење на популации од релевантните штетни организми. | 1.500.000,00 |
| 5. Спроведување на активности за работа на стручната комисија од областа на фитофармацијата за одобрување и оценување на фитофармацевтските производи и за регистрација на економски оператори и производители. | 2.110.000,00 |
| 6. Набавка на опрема за потребите на Фитосанитарната управа за работа на стручните комисии и стручните совети. | 1.500.000,00 |
| 7. Неподмирени обврски од 2022 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2022 година. | 3.000.000,00 |
| **Вкупно** | **13.180.000,00** |

XVI

Средствата од дел V од оваа програма, во износ од 3.000.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Набавка на софистицирана лабораториска опрема за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство -Државна фитосанитарна лабораторија. | 1.800.000,00 |
| 2. Набавка на IT опрема и софтвер за Лабораториски информативен и менаџмент систем (ЛИМС) за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државната фитосанитарна лабораторија. | 1.200.000,00 |
| **Вкупно** | **3.000.000,00** |

XVII

Реализацијата на фитосанитарниот мониторинг од деловите VII, VIII, IX, X и XI од оваа програма се врши со спроведување на здравствени прегледи, согласно плановите за следење и мониторинг на карантинските штетни организми.

Реализацијата на мониторингот од деловите XIII и XIV од оваа програма се врши со земање на мостри при увоз и во објектите каде што се врши пласирање на пазар на големо и мало на фитофарматцевските производи и земање на примероци на отворено поле или заштитени простори.

Реализацијата на активностите од дел XV точки 2, 3 и 6 и дел XVI од оваа програма ќе се врши со набавка согласно Законот на јавните набавки (*).

XVIII

Средствата од оваа програма ќе се исплатат врз основа на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по реализација на активностите.

По исклучок од ставот 1 од овој дел, средствата за исплата на активностите од дел III точка 3 од оваа програма, за спроведување на решенијата за јавните овластувања за вршење на задачите врз основа на јавен конкурс од областа на здравјето на растенијата, ќе се изврши со исплата на аванс од 30% од утврдениот износ под услови и на начин утврдени во договорите за извршување на јавни овластувања од областа на здравјето на растенијата, по нивното потпишување, а остатокот на средствата ќе се исплати по реализација на активностите.

XIX

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

XX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 41-1374/6
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.